RADE KONČAR - TEP
TRANSFORMATORI I ELEKTRIČNI POSTROJKI

Врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу Раде Кончар ТЕП и Машинскиот факултет - Скопје при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, се распишува

# КОНКУРС

## за доделување 5 стипендии
## за студенти на Машински факултет – Скопје

На конкурсот можат да се пријават:

- Редовни студенти на Факултетот кои ќе запишат зимски семестар, односно последна година на студии во академската учебна 2017/2018 година (им преостанала праксата и дипломската работа)

- Студенти кои студираат на една од следниве студиски програми:

    - Индустриско инженерство и менаџмент (ИИМ),
    - Производно инженерство (ПИ),
    - Мехатроника (МХТ) и
    - Индустриски дизајн.

Висината на стипендијата изнесува 12.500,00 денари.

Изборот и селекцијата на кандидатите го врши Комисија за стипендирање составена од 3 (три) члена од редот на вработените во Раде Кончар ТЕП.

Со доделување на овие стипендии, Раде Кончар ТЕП ќе даде свој придонес и поддршка во едукација и оспособување на стручни и квалитетни кадри и воедно ќе даде стимул на идните студенти за запишување на Машинскиот факултет во Скопје.

**Потребна документација за аплицирање:**

- CV
- Потврда за положени испити, освоени кредити и просечна оценка (просек)

Кандидатите на кои ќе им биде доделена стипендија имаат обврска:

- да извршат практична настава во Раде Кончар ТЕП,
- можност да изберат и изготват дипломска работа во соработка со некој од вработените во Раде Кончар ТЕП;
- други обврски пропишани во Договорот за стипендирање.

Краен рок за доставување на документите е 31.05.2017 година.

**Начин на аплицирање:**

Документите се поднесуваат во:

компанијата **Раде Кончар ТЕП**, физички или на следната е – маил адреса: hristina.cvetkovska@koncar.com.mk